### ЗАПОЧНЕТЕ СОПСТВЕН ИНТЕРНЕТ БИЗНИС

# Продавница за маици со ваш дизајн

***Доколку имате компјутер и интернет врска, можете уште веднаш да го започнете вашиот електронски бизнис. Кога е Интернетот во прашање, само небото е граница. Продавајте македонско вино во Лондон, кинески скутери во САД, или, пак, рекламен простор ширум светот. Ако сте талентирани, креативни и упорни, можеби ќе успеете да изградите вистинска On-Line империја или ќе креирате само профитабилен семеен бизнис. Доколку сте вработени, слободното време искористете го да остварите дополнителни приходи или, едноставно, уживајте во вашето ново лукративно хоби***



**Пишува:**
**м-р Златко Бежовски**
**zbezovski@yahoo.com**

CafePress.com е една од веб- страниците која овозможува вашите графички дизајни да ги продавате испечатени на широк спектар на производи како маици, капи, блузони, шолји, постери, разгледници, налепници, беџови, торби итн. Притоа, воопшто не треба да се грижите за резервите, бидејќи производите се печатат откако ќе бидат нарачани, а вие не треба да се грижите ниту за испораката.

За да продавате преку CafePress, потребно е претходно да изработите дизајни во некоја од графичките програми. За да креирате дизајни што ќе се продаваат, не е потребно да бидете експерт. Напротив, многу подобро се продаваат едноставните решенија направени без многу напор. Често се продаваат и дизајните кои содржат само текст со досетлива содржина.

На адресата http://www.cafepress.com/cp/browse/allproducts.aspx, поделени по категории, можете да ги разгледате дизајните подредени според продаваноста. На тој начин можете да видите какви дизајни се најпродавани, но можете да добиете и нови идеи.

Пред да започнете, изберете ја темата на која ќе се однесуваат графичките решенија. Фокусирајте се на една тема и потрудете се да биде што поконкретна. Така, на пример, место категоријата хоби, одберете поткатегорија астрологија, плетење или покер, а место спорт одберете фудбал, кошарка или бејзбол. За почеток, можете да користите и MS Paint и сликите да ги снимате во јпг формат со резолуција 1000x1000, а за да постигнете оптимален квалитет на сликите, информирајте се на www.cafepress.com/cp/info/help/images.aspx.

Откако бесплатно ќе се регистрирате на CafePress.com, појдете во Media Basket > Images и качете ги претходно изработените дизајни. Веднаш потоа, не заборавајте да ја одберете и категоријата и да внесете описни зборови разделени со запирка во Tag/Keywords квадратчето.

Следниот чекор е да ги поставите дизајните на производите и истите да ги изложите на WEB страната. На почетната страница, во рубриката Shop Management, отворете ја вашата прва продавница во рамките на CafePress. Изберете ја варијантата Basic Shop која е бесплатна и потоа одберете име. Понатаму, без многу да посветувате внимание на описите на продавницата, продолжете кон додавање на производите. За најдобри резултати препорачливо е секој дизајн да го поставите одеднаш на сите производи. Тоа значи дека за секој различен дизајн треба да отворите нова продавница. По одредување на цената (на основната цена додавате маржа), производите се спремни за продажба.

Бидејќи и во рамките на CafePress има голема конкуренција, не е едноставно да се продаде било каков дизајн. Друга причина за тоа е што дизајните/производите примарно се подредени по продаваност, а вашите производи се нови и не се наоѓаат на таа листа. На страната, исто така, постои можност за посетителите, производите да ги прелистуваат и од најновите кон најстарите, со тоа што листата е помалку пребарувана. Од тие причини, предлагаме да изработите минимум шест различни дизајни од една поткатегорија, со што би ги задоволиле различните вкусови на посетителите. Поставувајте ги дизајните еден по друг, за што ќе треба да отворите и шест бесплатни продавници. Доколку некој од производите се продаде, ќе премине на листата на најпродавани и најверојатно, ќе се продава почесто. Дизајните кои нема да се продадат по извесно време, повторно качете ги во Медиа Баскет-от, но со различно име, и повторете ја целата постапка. Целта на ваквиот пристап е дизајните, кои сметате дека се атрактивни, да се одржуваат високо на листа од нови производи, за да се продадат, како би преминале во листата на најпродавани.

Друг пристап за да се продаде преку страната на CafePress, е да се фокусирате на нови настани и веднаш да креирате дизајни поврзани со настанот. На пример, по исклучувањето на Плутон од листата на планети, најпродавани дизајни беа од типот: Save Pluto, RIP Pluto и сл. Други такви настани, кои предизвикаа внимание и ја зголемија продажбата на соодветни маици, беа цунамито во Индонезија, ураганот Катрина, војната во Либан и Ирак, изборите во САД, Светското првенство во фудбал итн.

Откако ќе ги остварите првите продажби и ќе бидете сигурни дека вашите дизајни се атрактивни и се продаваат, можете слободно, по 15 дена да отворите и Premium Shop за седум долари месечно. Предноста се состои во тоа што можете да поставувате бесконечно дизајни, истите да ги класифицирате по фолдери и можете да се посветите на промоција на продавницата и да привлечете посетители и надвор од CafePress.

**Следниот четврток**
**Регистрација на домен и хостинг**